**XXIX К.бр. 50/18**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**, како првостепен кривичен суд, преку судијата Илија Трпков како судија поединец, со записничар Александра Јовановска - судски службеник, одлучувајќи по обвинителен предлог на ОЈО С. КО4 бр.862/17 од 13.12.2017 година, против обвинетиот Р.А. од С., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в чл.297 ст.3 в.в ст.1 од КЗ, по одржаната главна, јавна и усна расправа во присуство на Јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство С. – Зорица Пендовска, обвинетиот Р.А. и бранителот на обвинетиот Р.А., Димитар Дангов адвокат од С., согласно член 381 од ЗКП, (Сл.весник на РМ бр.150 од 18.11.2010 година), на ден 07.05.2018 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**
**- ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА -**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**Р. А. со ЕМБГ ...,** од татко А., роден на ... година во С., живее во с.Д.С. ул..., со завршено основно образование, невработен, женет, татко на две полнолетни деца, неосудуван, не се водат постапки за други кривични дела, дражвјанин на Р.М..

**В И Н О В Е Н Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На 12.05.2017 година, во 09,00 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта управувајќи ПМВ „Фолксваген Пасат“ СК ..., по левата сообраќајна лента од бул.„...“, во насока од ул.„...“ кон ул.„...“ во С., не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај, така што го довел во опасност животот и телото на луѓето, на начин што кога дошол испред крстосницата со сервисната улица која ги поврзува бул.„...“ и ул.„...“ кај пазарот ..., на која сообраќајот е регулиран со сообраќаен знак „Обележан пешачки премин“ поставен на сервисната улица испред спојувањето со бул.„...“, постапил спротивно на чл.19 ст.2 од ЗБСП, со тоа што кога приоѓал кон обележан пешачки премин, бил должен да управува со возилото и да вози со таква брзина што овозможува во случај на потреба да го запре возилото пред пешачкиот премин, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека истата нема да настапи, навлегол на наведената крстосница, задржувајќи го правецот на своето движење, односно не застанал и не ги пропуштил пешаците кои што се движеле по обележаниот пешачки премин и притоа со предниот десен дел од возилото кое го управувал удрил во пешакот – оштетениот Г. М., кој како пешак попречно ја поминувал коловозната лента од бул..., движејќи се по обележаниот пешачки премин од десно кон лево гледано во насока на движење на ПМВ „Фолксваген Пасат“ СК ..., од кој удар сега покојниот Г. М. задобил повреди во предел на тилната регија од главата изразени во вид на нагмечно – расцепни рани и крвни подливи, линиско скршување на базата на черепот во предел на задна черепна јама, крварење

под тврдата мозочна обвивка и под меките мозочни обвивки, нагмечување на мозокот и мозочниот мост, слупување со крвна подлиеност на поткожно масно ткиво во предел на задната страна од градниот кош, крвен подлив и крвна подлиеност на поткожното масно и мускулно ткиво во предел на предно - внатрешната страна од левата потколеница и крвна подлиеност на површната мускулатура во предел на левата потколеница од надворешната страна, а негмечувањата на мозокот, довеле до нарушување и прекин на функцијата на мозочните центри и последователно настапување на смртен исход кај сега покојниот Г. М..

Со горенаведените дејствија обвинетиот Р.А. од С. сторил кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в чл.297 ст.3 в.в ст.1 од КЗ, па согласно чл.3, 4, 7, 32, 33, 34, 35, 39,40 и 41 од КЗ, судот обвинетиот Р.А. го:

**О С У Д У В А**

**НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 6-ШЕСТ МЕСЕЦИ.**

Согласно чл.102 и 105 ст.1 од ЗКП, обвинетиот Р.А. СЕ ЗАДОЛЖУВА да плати на име кривичен судски паушал износ од 2.000,00 денари на жиро сметка:100000000063095, депонент:НБРМ, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка:631, корисник:10 приходна шифра:724132, програма:20, начин:2, примач: Основен суд Скопје 1 С., како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во износ од 29.372,00 денари, се во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

Согласно чл.102 и 105 ст.1 од ЗКП, обвинетиот Р.А. СЕ ЗАДОЛЖУВА да ги надомести трошоците на кривичната постапка на законскиот застапник на сега покојниот Г. М., З. М. во износ од 10.920,00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

ОЈО С. поднесе обвинителен предлог КО4 бр.862/17 од 13.12.2017 година, против обвинетиот Р.А. од С., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в чл.297 ст.3 в.в ст.1 од КЗ.

Постапувајќи по поднесениот обвинителен предлог, судот на ден 07.05.2018 година, закажа и одржа главна, јавна и усна расправа во присуство на Јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство С. – Зорица Пендовска, бранителот на обвинетиот Димитар Дангов, адвокат од С. и обвинетиот Р.А., кој по изнесувањето на содржината на прецизираниот обвинителен предлог од страна на ЈО, даде изјава за признавање на вината.

Откако судот, согласно чл.381 ст. 2 од ЗКП, утврди дека признанието на вина на обвинетиот е доброволно и дека истиот е свесен за правните последици од признанието на вината, за последиците поврзани за имотноправното побарување и трошоците на кривичната постапка, судот со

оглед на ваквата изјава на обвинетиот, согласно чл.381 ст.3 од ЗКП ги изведе доказите кои се однесуваат на одлуката за кривичната санкција и тоа со читање и увид во: Потврда од казнена и кривична евиденција КР-27370/17 од 07.11.2017 година на име на обвинетиот Р.А. и личните податоци на обвинетиот содржани во обвинителниот предлог КО4 бр.862/17 од 13.12.2017 година, потврдени и дополнети од обвинетиот на главната расправа.

Во завршен збор јавниот обвинител наведе дека обвинетиот Р.А. го признал сторувањето на кривичното дело, поради што предложи судот да го огласи за виновен, а при определување на казната да ги има предвид околностите од чл. 39 од КЗ и тоа начинот на извршување на кривичното дело, пропустите што го има направено при управување со возилото, последиците од истото, зачестеноста на ваков вид кривични дела, запретената казна, како и возраста на обвинетиот и фактот дека истиот е неосудуван.

Полномошникот на законскиот застапник на сега покојниот Г. М., З. М., Влатко Михаилов, адвокат од С. се приклучи кон завршниот збор на јавниот обвинител, оштетно побарување не предјави, но се приклучи кон кривичен прогон на обвинетиот.

Бранителот на обвинетиот Р.А., Димитар Дангов, адвокат од С., во завршен збор замоли судот да го има предвид фактот дека обвинетиот Р. А. е неосудуван, татко на две полнолетни деца и оженет човек што претставуваат околности кои што можат да се ценат од аспект на небрежно стореното дело. Наведе дека иако од настанот е помината само една година обвинетиот постојано мисли на настанот и неколку пати се обидувал да стапи во контакт со семејството на покојниот. Побара судот да ја ублажи казната во смисла на чл. 39 од КЗ на начин што ќе одговара на приликите и да одговори на потребата на обвинетиот да биде казнет, со оглед на тоа што обвинетиот Р.А. е лојален граѓанин на оваа држава, кој небрежно во само еден миг од критичниот ден не ги испочитувал сообраќајните прописи.

Обвинеиот Р.А. во завршен збор наведе дека ги прифаќа завршните зборови на неговиот бранител, се кае и жали за стореното и замоли за прошка од семејството на оштетениот. Наведе дека три дена после незгодата бил во болница со надеж дека ќе се спаси оштетениот, меѓутоа тоа не се случило. Истакна дека дека во себе ќе носи болка цел живот.

При определувањето на видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција, судот ги имаше предвид сите околности предвидени во чл.39 од КЗ, кои се од влијание на индивидуализација на казната, па како отежителни околности за обвинетиот ги ценеше степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, јачината на загрозување и повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, последицата од извршување на делото, како што е настапена смрт кај оштетениот, зачестеноста на ваквиот вид кривични дела и општествената опасност од истото, фактот што законскиот засстапник на сега покојниот Г. М. се приклучи кон кривичен прогон на обвинетиот, а како олеснителни околности ги ценеше возраста на обвинетиот, со оглед дека истиот е роден ... година, неговата семејна и материјална состојба,

односно дека обвинетиот е со завршено основно образование и невработен, фактот дека обвинетиот е женет и татко на две полнолетни деца, потоа околноста дека обвинетиот Р.А. е неосудуван, против него не се водат постапки за други кривични дела, како и коректното држење и однесување во текот на постапката пред овој суд и неговиот допринос кон окончување на постапката. Во контекст на вака утврдените и ценети отежителни и олеснителни околности кои што стојат на страна на обвинетиот, судот го осуди на казна затвор во траење од 6-шест месеци, од која казна се очекува да биде исполнета целта на казнувањето, како на планот на генералната, а особено на планот на специјалната превенција, предвидени во чл.32 од КЗ, односно спречување на обвинетиот во иднина да врши кривични дела, негово превоспитување, како и воспитно да се влијае врз другите да не вршат вакви кривични дела.

Судот го задолжи обвинетиот Р.А. согласно чл. 102 и чл. 105 од ЗКП, да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, на жиро сметка бр. 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2 примач Основен Суд С. 1 С., депонент НБРМ, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во износ од 29.372,00 денари, од кои износ од 7.222,00 денари за сообраќајно вештачење СВ-10-11/17 од Ноември 2017 година, износ од 1.500,00 денари за превозни и други трошоци по трошковник приложен од страна на МВР, како и износ од 20.650,00 денари за дадено стручно судско – медицинско мислење за смртта на сега покојниот Г. М., врз основа на работена обдукција по барање на здравствена установа и фото албум на ЦД по фактура бр.05-1456/06 од Универзитет Св.„Кирил и Методиј" – Медицински факултет – С., се во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување

Судот исто така го задолжи обвинетиот Р.А. согласно чл. 102 и чл. 105 од ЗКП да ги надомести трошоците на кривичната постапка на сега покојниот Г. М., З. М. износ од 10.920,00 денари за награда и нужни издатоци на полномошникот на законскиот застапник на сега покојниот Г. М., З. М., Емил Мифтари, авокат од С. за присуство на една главна расправа на 07.05.2018 година, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ**
**XXIX К.бр. 50/18 од 07.05.2018 година**

**Записничар,** **Судија,**
**Александра Јовановска, с.р.** **Илија Трпков, с.р.**

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 - осум дена од приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд во С..

**ДН:** - на ОЈО С.
- на обвинетиот Р.А.

- на бранител Димитар Дангов
-на законски застапник на сега покојниот Г. М., З. М.
-на полномошник на законски застапник на сега покојниот Г. М., З. М., Емил Мифтари адвокат од С.